Врз основа на член 3 став 2 од Законот за судска служба (Службен весник на Република Македонија бр.43/14), член 23 од Законот за работните односи (Службен весник на Република Македонија бр.167/15), Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија и согласноста од Министерството за финансии бр. 18-5474/2 од 30.09.2020 година

**ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**објавува**
**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2020**
**за вработување на 3 (три) лица на неопределено време**
**на следните работни места**

**1. Хаус мајстор- 1 (еден) извршител**

Посебни услови:
Најмалку средно стручно образование од соодветна област, со или без работно искуство.

Неделно работно време 40 часа;
Дневно работно време 8 часа, од 07,30 часот до 15,30 часот;
Паричен нето износ на плата: 16.792,00 денари

**2. Хигиеничар- 2 (два) извршители**

Посебни услови:
Завршено средно или основно образование, со или без работно искуство.

Неделно работно време 40 часа;
Дневно работно време 8 часа, од 13,00 часот до 21,00 часот;
Паричен нето износ на плата: 14.932,00 денари

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Врховниот суд на Република Македонија, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните општи услови кои се предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Кандидатите се должни да поднесат молба за вработување и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар.

Молбата, покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, е-меил адреса или контакт телефон.

Рокот за поднесување на молбите изнесува 8 (осум) работни дена од денот на објавувањето на огласот во дневните весници (несметајќи го денот на самото објавување).

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Молбата со доказите, кандидатите се должни да ја достават непосредно во приемното одделение на судот, во работно време или по пошта на адреса:

**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Бул.Крсте Мисирков бр.8 Скопје**
**(со назнака за Јавен оглас број - 1/2020)**

Ненавремените, нецелосно пополнети, неуредни и некомплетни молби нема да се разгледуваат.

Изборот на кандидатите ќе се изврши во рок определен во член 23 став 2 од Законот за работните односи.